**З А П И С Н И К**
**Од 13 - та седница на Советот на Општина Велес**
**која се одржа на 02.07.2026 година**

Претседателот на Советот Даниел Јаневски, констатираше дека на почетокот на седницата присуствуваат 21 член на Советот.

Потоа ја отвори 13-та седница на Советот на Општина Велес, која започна во 10:40 часот.

Пред да го прочита предложениот дневен ред, претседателот го стави на расправа Записникот од 12-та седница на Советот на Општина Велес. За расправа не се јави никој. Се премина кон гласање и се констатира дека од 21 присутен член, со 18 гласа „за" и 3 гласа „воздржан" се усвои Записникот од 12-та седница.

Претседателот на Советот ги прочита точките кои се предложени во следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Советнички прашања;
2. Предлог – одлука за прифаќање донација од ЕУРОБОБИЛД ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје;
3. Предлог – одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.255/1 во КО Оризари вон град;
4. Предлог – решение за давање согласност на Одлука за давање на училишната кујна при ООУ„Блаже Конески" - Велес под закуп;
5. Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на Локална установа „Народен музеј" Велес за 2027 година;
6. Наративен и финансиски извештај од реализација на настанот „Moto Beach Party" од Здружение на граѓани Мото клуб „Носачи на крстот" – Велес;
7. Предлог – решение за престанок на мандат на вршител на должност за член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен" Велес;
8. Предлог – решение за назначување вршител на должност за член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен" Велес;

Претседателот наведе дека се пристигнати барања за дополнување на Дневниот ред за денешната седница со точки предложени по итна постапка:

1) Барање за продолжување на работно време со бр.09-2971/1 од 01.07.2026 година од страна на Здружение на граѓани „Лума Фест";
2) Барање за дополнување на дневниот ред со бр.08-2900/4 од 01.07.2026 година, од страна на Градоначалникот на Општина Велес со следните точки:

- Предлог – одлука за давање согласност за продолжување на Договор за закуп на просторија од објект од објект 1 од КП бр.4810 за КО Велес;
- Предлог – одлука за утврдување начин на давање во закуп на дел од објект од КП бр.4810 за КО Велес, сопственост на Општина Велес (по пат на електронско јавно наддавање);
- Информација за доставено Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија УЗ бр.45/2025 од 08.04.2026 година за неповедување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот и индустрискиот неопасен отпад на територијата на Општина Велес по поднесена Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста.

3) Барање за давање согласност на Одлука за давање под закуп на недвижен имот – дел од Градски пазар 2 во н.Населба со бр.09-2962/1 од 30.06.2026 година од страна на ЈКП „Дервен" Велес;

4) Барање за усвојување Предлог - програма за работа на Општински совет за превенција на детско претстапништво за 2026 година со бр.09-1772/11 од 30.06.2026 година од страна на претседателот на Општинскиот совет за превенција на детско претстапништво;

Се премина кон гласање на точката Предлог – одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти: ДПТУ „ТХЕ ЏЕНТС“ ДООЕЛ експорт-импорт Велес и подружница ТХЕ ЏЕНТС и ДУУ „БАРТ – БУРГЕРС“ ДОО Велес за време на одржувањето на фестивалот „Лума Фест“. По гласањето се констатира дека од 22 присутни членови, со 19 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“, точката го доби потребното мнозинство за да стане дел од Дневниот ред за денешната седница.

Се премина кон гласање на точката Предлог – одлука за давање согласност за продолжување на Договор за закуп на просторија од објект од објект 1 од КП бр.4810 за КО Велес. По гласањето се констатира дека од 22 присутни членови, со 16 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“, точката го доби потребното мнозинство за да стане дел од Дневниот ред за денешната седница.

Се премина кон гласање на точката Предлог – одлука за утврдување начин на давање во закуп на дел од објект од КП бр.4810 за КО Велес, сопственост на Општина Велес (по пат на електронско јавно наддавање). По гласањето се констатира дека од 22 присутни членови, со 16 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“, точката го доби потребното мнозинство за да стане дел од Дневниот ред за денешната седница.

Се премина кон гласање на точката Предлог - програма за работа на Општински совет за превенција на детско претстапништво за 2026 година. По гласањето се констатира дека од 22 присутни членови, со 19 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“, точката го доби потребното мнозинство за да стане дел од Дневниот ред за денешната седница.

Се премина кон гласање на точката, Предлог – решение за давање согласност на Одлука за давање под закуп на недвижен имот – дел од Градски пазар 2 во н.Населба. По гласањето се констатира дека од 22 присутни членови, со 16 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“, точката го доби потребното мнозинство за да стане дел од Дневниот ред за денешната седница.

Се премина кон гласање на точката, Информација за доставено Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија УЗ бр.45/2025 од 08.04.2026 година за неповедување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот и индустрискиот неопасен отпад на територијата на Општина Велес по поднесена Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста. По гласањето се констатира дека од 22 присутни членови, со 16 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“, точката го доби потребното мнозинство за да стане дел од Дневниот ред за денешната седница.

Вака предложениот ред, се стави на гласање По гласањето се констатира дека од 22 присутни членови, со 16 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“, се усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Советнички прашања;
2. Предлог – одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти: ДПТУ „ТХЕ ЏЕНТС“ ДООЕЛ експорт-импорт Велес и подружница ТХЕ ЏЕНТС и ДУУ „БАРТ – БУРГЕРС“ ДОО Велес за време на одржувањето на фестивалот „Лума Фест“;
3. Предлог – одлука за давање согласност за продолжување на Договор за закуп на просторија од објект од објект 1 од КП бр.4810 за КО Велес;
4. Предлог – одлука за утврдување начин на давање во закуп на дел од објект од КП бр.4810 за КО Велес, сопственост на Општина Велес (по пат на електронско јавно наддавање);
5. Предлог – одлука за прифаќање донација од ЕУРОБОБИЛД ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје;

6. Предлог – одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.255/1 во КО Оризари вон град;
7. Предлог - програма за работа на Општински совет за превенција на детско претстапништво за 2026 година;
8. Предлог – решение за давање согласност на Одлука за давање на училишната кујна при ООУ„Блаже Конески“ - Велес под закуп;
9. Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на Локална установа „Народен музеј“ Велес за 2027 година;
10. Наративен и финансиски извештај од реализација на настанот „Moto Beach Party“ од Здружение на граѓани Мото клуб „Носачи на крстот“ – Велес;
11. Предлог – решение за давање согласност на Одлука за давање под закуп на недвижен имот – дел од Градски пазар 2 во н.Населба;
12. Предлог – решение за престанок на мандат на вршител на должност за член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес;
13. Предлог – решение за назначување вршител на должност за член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес;
14. Информација за доставено Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија УЗ бр.45/2025 од 08.04.2026 година за неповедување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот и индустрискиот неопасен отпад на територијата на Општина Велес по поднесена Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста;

Се премина кон расправа на точките:
Членот Јованче Манасков се јави процедурално за збор.

**ТОЧКА 1. Советнички прашања**

**Игор Стојанов**

1. Кога ќе се заврши реконструкцијата на Кејот?(одговорено од градоначалник)
2. Како ќе се спроведува зонското паркирање? (одговорено од градоначалник)
3. Кога ќе започне да функционира системот на „Безбеден град“?(одговорено од градоначалник)

**Димче Ацков**

1. Кои мерки се преземени и во кој период се планира санација на оштетените делови на заштитната ограда на пешачката патека од потегот на стариот мост до н.Долни дуќани? (одговорено од градоначалник)
2. Дали е планирано интензивирање на чистењето и миењето на улиците согласно реалните потреби на градот или ќе се чека дождот да ја отстрани несаканата нечистотија од причина што не се гледа јасно сигнализацијата и постои потреба од зголемување на безбедноста во сообраќајот? (одговорено од градоначалник)
3. Дали ќе се среди проблемот со пешачките премини кои се прекинати, односно помеѓу нив поминува коловоз? (одговорено од градоначалник)

**Звезданка Пешиќ**

1. Кога планирате да го остварувате ветувањето во изборната кампања за н. Речани? (одговорено од градоначалник)

2. Кога ќе се заврши реконструкцијата на улицата во с. Г.Оризари? (одговорено од градоначалник)
3. Дали некој од службите во администрацијата ги гледа иницијативите и кога да очекуваме одговор? (одговорено од градоначалник)

**Анета Стајиќ**

1. Дали може да се постави шахта или да се преземе друга мерка на улицата пред ООУ „Блаже Конески“ од причина што кога врне, целата е во вода и не може да се премине улицата? (одговорено од градоначалник)
2. Какви се плановите за реконструкција на ул.Андон Шурков, поточно од потегот од ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ накај АД „Димко Митрев“ и после АД „Димко Митрев“ накај ДПТУ „Мирана“ ДООЕЛ? (одговорено од градоначалник)
3. Кој е одговорен за употребата и одржувањето и зошто не се користи за спортски активности помошниот стадион во Градскиот парк, спроти игротеките? (одговорено од градоначалник)
4.Дали се предвидени други методи за дезинсекција против комарците, бидејќи третирањето од воздух не се покажува како најефикасен метод? (одговорено од градоначалник)

**Мирјана Петрушевска Савова**

1. Дали ќе се изврши реконструкција на одводната шахта кај новиот паркинг пред Мало мовче од причина што истата е повисока од делот каде што треба да се собира водата?(писмен одговор)
2. Кога ќе се отстранат дрвата што се насобрани на еден од столбовите на новиот мост кои можат да влијаат на стабилноста на мостот? (писмен одговор)
3. Дали ќе се нивелираат пешачки премини кои се нефункционални за колички, за мајки со деца и лица кои користат помагала за движење затоа што не се на исто ниво со улицата? (писмен одговор)
4. Што се случува со електричните велосипеди кои се дадени од двата проекти: реконструкцијата на централното градско подрачје и смарт Езеро Младост? (писмен одговор)

**Драган Стојанов**

1. До кај е постапката за нов ГУП? (писмено)
2. До кај е реконструкцијата на потпорниот ѕид кај градинката кај ООУ „Св.Кирил и Методиј“?(одговорено од градоначалник)
3. Дали може да се постави лежечки полицаец пред градинката кај Жаба зграда на почеток на улицата? (одговорено од градоначалник)
4. Зошто општинската администрација не одговара на доставени барања? (одговорено од градоначалник)

**Јованче Манасков**

1. Колку здруженија и спортски клубови поднесуваат извештаи за реализација? (одговорено од градоначалник)
2. Кога ќе се исчисти и ќе се пушти во употреба атмосферскиот канал кај ООУ „Васил Главинов“?(одговорено од градоначалник)
3. Што точно ќе се реализира на Отовичка река и Велешко езеро во 2026 година? (одговорено од градоначалник)
4. Што конкретно се планира за решавање на долгогодишниот план со каналот кај ЈКП „Дервен“ од кој се шири непријатна миризба? (одговорено од градоначалник)
5. Дали се планира сообраќајно решение за раскрсницата кај Костурница и кога ќе биде реализацијата? (одговорено од градоначалник)

Членот Звезданка Пешиќ се јави процедурално за збор.

Одговор на поставеното прашање даде градоначалникот.

**ТОЧКА 2. Предлог – одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти: ДПТУ „ТХЕ ЏЕНТС“ ДООЕЛ експорт-импорт Велес и подружница ТХЕ ЏЕНТС и ДУУ „БАРТ – БУРГЕРС“ ДОО Велес за време на одржувањето на фестивалот „Лума Фест“**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Александра Иванова беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави Мирјана Петрушевска Савова.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 21 глас „за“ се донесе Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти: ДПТУ „ТХЕ ЏЕНТС“ ДООЕЛ експорт-импорт Велес и подружница ТХЕ ЏЕНТС и ДУУ „БАРТ – БУРГЕРС“ ДОО Велес за време на одржувањето на фестивалот „Лума Фест“.

**ТОЧКА 3. Предлог – одлука за давање согласност за продолжување на Договор за закуп на просторија од објект од објект 1 од КП бр.4810 за КО Велес**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Магдалена Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со прашања и дискусија се јави Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 19 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за давање согласност за продолжување на Договор за закуп на просторија од објект од објект 1 од КП бр.4810 за КО Велес.

**ТОЧКА 4. Предлог – одлука за утврдување начин на давање во закуп на дел од објект од КП бр.4810 за КО Велес, сопственост на Општина Велес (по пат на електронско јавно наддавање)**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Магдалена Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 16 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“се донесе Одлуката за утврдување начин на давање во закуп на дел од објект од КП бр.4810 за КО Велес, сопственост на Општина Велес (по пат на електронско јавно наддавање).

**ТОЧКА 5. Предлог – одлука за прифакање донација од ЕУРОБОБИЛД ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на Секретарот на Општина Велес, Панче Јанев беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со прашања и дискусија се јави Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде претседателот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“ се донесе Одлуката за изменување на Одлуката за прифакање донација од ЕУРОБОБИЛД ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје.

**ТОЧКА 6. Предлог – одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.255/1 во КО Оризари вон град**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јави Мирјана Петрушевска Савова.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 17 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.255/1 во КО Оризари вон град.

**ТОЧКА 7. Предлог - програма за работа на Општински совет за превенција на детско претстапништво за 2026 година**

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на претседателката на Општинскиот совет за превенција на детско претстапништво, Катерина Ставревска беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За збор се јавија: Маја Демерџиева и Јованче Манасков.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 20 гласа „за“ се усвои Програмата за работа на Општински совет за превенција на детско претстапништво за 2026 година.

**ТОЧКА 8. Предлог – решение за давање согласност на Одлука за давање на училишната кујна при ООУ„Блаже Конески“ - Велес под закуп**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ООУ„Блаже Конески“ – Велес, Маја Коруновска беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Јованче Манасков, Елизабета Митревска Анѓелеска и Димче Ацков.
Одговор на поставените прашања даде директорката.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 21 глас „за“ се донесе Решението за давање согласност на Одлука за давање на училишната кујна при ООУ„Блаже Конески“ - Велес под закуп.

**ТОЧКА 9. Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на Локална установа „Народен музеј“ Велес за 2027 година**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорот на Локална установа „Народен музеј“ Велес, Ангел Коруновски беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 21 глас „за“ се донесе Решението за давање согласност на Годишен план за вработување на Локална установа „Народен музеј“ Велес за 2027 година.

**ТОЧКА 10. Наративен и финансиски извештај од реализација на настанот „Moto Beach Party“ од Здружение на граѓани Мото клуб „Носачи на крстот“ – Велес**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање и Буџет, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за јавни дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на претседателот на Здружение на граѓани Мото клуб „Носачи на крстот“ – Велес, Ивица Пренџов беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За збор се јавија: Маја Демерџиева и Јованче Манасков.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 23 гласа „за“ се усвои Наративниот и финансиски извештај од реализација на настанот „Moto Beach Party“ од Здружение на граѓани Мото клуб „Носачи на крстот“ – Велес.

**ТОЧКА 11. Предлог – решение за давање согласност на Одлука за давање под закуп на недвижен имот – дел од Градски пазар 2 во н.Населба**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на ЈКП „Дервен“ Велес, Елена Димова беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Елизабета Митревска Анѓелеска и Драган Стојанов.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 18 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ (членовите Весна Атанасовска и Благојка Наунова се изземаат од гласање) се донесе Решението за давање согласност на Одлука за давање под закуп на недвижен имот – дел од Градски пазар 2 во н.Населба.

**ТОЧКА 12. Предлог – решение за престанок на мандат на вршител на должност за член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

По ова се донесе Решението за престанок на мандат на вршител на должност за член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес со кое се констатира престанок на мандат на Невзат Муареми.

**ТОЧКА 13. Предлог – решение за назначување вршител на должност за член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 15 гласа „за“ и 6 гласа „воздржан“ (членовите Весна Атанасовска и Благојка Наунова се изземаат од гласање) се донесе Решението за назначување вршител на должност за член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес со кое се назначува Ѓоре Шојлевски.

**ТОЧКА 14. Информација за доставено Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија УЗ бр.45/2025 од 08.04.2026 година за неповедување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот и индустрискиот неопасен отпад на територијата на Општина Велес по поднесена Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

По ова, се констатира дека се разгледа Информацијата за доставено Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија УЗ бр.45/2025 од 08.04.2026 година за неповедување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот и индустрискиот неопасен отпад на територијата на Општина Велес по поднесена Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста.

Седницата беше закажана за во 10:00 часот, започна со работа во 10:40, а заврши во 13:38 часот.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-
.08.2026 година
Велес